10.11.2022

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar | 10.11.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 03 | 270 | | |

УПИ

03/ИИ АНА-К 1/04/И

Архивски знак:
Рок на чување: ____ год.
____ 20 ____ год.
Потпис,

До:
Република Северна Македонија
Министерство за култура
Ул.Ѓуро Ѓаковиќ бр.6
Скопје

БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП НА ИНФОРМАЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Почитувани;

Ова барање го поднесувам до вас согласно Законот за слободен пристап на информации од Јавен карактер со кое барам од ваша страна да ми доставите информација за следното:

- По која одлука и и на кој начин е пресметувана вредноста на бодот на вработените во Национална установа Филхармонија на Република Северна Македонија за периодот од 2016 година заклучно со 2018 година?

Ви благодарам.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
УП1 бр. 03-270
30.11 2022 год.

Архивски знак:________
Рок на чување:________ год.
________ 20___ год.
Потпис,

Скопје

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на од Скопје, УП1 бр. 03-270 од 10.11.2022 година, министерот за култура го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од страна на од Скопје, УП1 бр. 03-270 од 10.11.2022 година (во натамошниот текст: барател на информација) до Министерството за култура СЕ ПРИФАЌА.

Со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата се бара следната информација:

-По која одлука и на кој начин е пресметувана вредноста на бодот на вработените во НУ Филхармонија на Република Северна Македонија за периодот од 2016 година заклучно со 2018 година?

Министерството за култура на електронска адреса , ја дава следната информација:

Секторот за финансиски прашања при Министерството за култура врши проверка на вкупната маса за плати на месечно ниво за НУ Филхармонија на Република Северна Македонија. Одлуката за пресметување на вредноста на бодот на вработените во установата за период од 2016 година заклучно со 2018 година, потребно е да ја побарате од НУ Филхармонија на Република Северна Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

д Скопје, поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под УП1 бр. 03-270 од 10.11.2022 година, со кое ја побара следната информација да биде доставена на електронска адреса:

-По која одлука и на кој начин е пресметувана вредноста на бодот на вработените во НУ Филхармонија на Република Северна Македонија за периодот од 2016 година заклучно со 2018 година?

Постапувајќи по Барањето, а во согласност со членот 20 став (1) од Законот, според кој ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение, Министерството за култура одлучи како во диспозитивот на ова Решение и на Барателот на информацијата му ја даде бараната информација содржана во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура на __.__.2022 година, под УП1 бр. 03-270.

**МИНИСТЕР**
**Бисера Костадиновска - Стојчевска**

Подготвил: Ана Кардула, службено лице